# РОДОВО БУЏЕТСКА ИЗЈАВА

## 1. Податоци за избраната Програма

**Име на програмата:**

Унапредување на образовниот систем од аспект на родовата компонента (еднакви можности на жените и мажите)

**Сектор (организациона единица) надлежен за спроведување на програмата:**

Сектор за општи работи и поддршка на министер – Одделение за ученички и студентски стандард

Сектор за основното и средното образование

Комисии/Работни групи составени од компетенти и стручни лица за ревизија на наставни програми и учебници

Педагошката служба

**Вид на програмата**

☒ **Хоризонтална**
☐ Вертикална

**Како програмата е поврзана со Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020:**

Податоци од Стратегијата за родова еднаквост 2013 – 2020: Во високото образование, според податоците на Државен завод за статистика (ДЗС) се забележува поголем број на запишани девојки. И од аспект на дипломирани студенти, се забележува исто така поголем број на девојки кои ги завршуваат студии. И во однос на запишаните студенти на последипломски студии се забележува мала предност на девојките, наспроти момчињата.

Сепак, во поглед на научната гранка (професионална ориентација) кадешто се запишани, најголем родов диспаритет во соодносот на запишаните студенти се појавува кај техничко технолошките науки каде што од вкупно запишаните 489 студенти во учебната 2010/2011 година 179 (37%) се девојки, а 310 (63%) момчиња. Наспроти тоа, кај општествените науки, се забележува исто така поголема разлика во соодност на девојките и момчињата, запишани магистранти, и тоа од вкупно 2586 запишани, 60% се девојки, а 40% мажи.

Исто така, во Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020 нотирано е постоењето на стереотипи и предрасуди за улогите на жените и мажите/девојчињата и момчињата во наставните содржини и учебници на сите нивоа на образование. Потребно е да се ревидираат наставните програми и содржини од аспект на родовата рамноправност и отстранување на стереотипите и предрасудите кои се главните причини за дискриминацијата на жените/девојчињата изразена низ содржините и кои

значително влијаат врз нивната професионална ориентација во понатамошниот образовен процес. Потребно е да се вклучат програми за сексуално и репродуктивно здравје како дел од наставните содржини во средно образование.

Програмата за Унапредување на образовниот систем од аспект на родовата компонента (еднакви можности на жените и мажите) е поврзана со следниве стратешки цели и приоритети од Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020:

Секторски приоритет: Родово сензитивно образование

Стратешка цел 1: Воспоставување на ефективен и ефикасен систем на постигнување родова еднаквост преку фунцкионални механизми за поддршка на национално и локално ниво, хармонизирани индикатори за мерење на прогресот на родовата еднаквост и обезбедена родова разделена статистика

Специфична стратешка цел 2.3: Воспоставени и пилотирани политики за надминување на бариерите/пречките и зголемена вработеност на жените

**Краток осврт на програмата:**

Со Програмата за Унапредување на образовниот систем од аспект на родовата компонента (еднакви можности на жените и мажите), се предвидени две поткомпоненти:

Првата компонента е врзана односно произлегува од Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард, каде се предвидуваат неколку категории на стипендии на студенти запишани на високо-образовните установи во Република Македонија. Имено, со Програмата се утврдени 125 стипендии кои се доделуваат на студенти запишани на студиски програми по информатика, 530 стипендии на студенти запишани на студиски програми од научните подрачја на природно-математичките, техничко-технолошките, биотехничките и/или медицинските науки и 105 стипендии за студенти кои се запишани на студиски програми по хемија, физика и математика. Целта е да се зголеми учеството на студентите на студиските програми од обласста на ИТ, техничко-технолошките, био-техничките и природно математичките науки, во насока на нивна поголема вработливост, имајќи ја притоа во предвид родовата еднаквост.

Втората компонента се однесува на елиминирањето на стереотипите и воведување на родово сензитивно образование во целиот образовен систем како еден од предусловите за изградба на родово недискриминаторско општеството. Образованието е главниот движечки фактор во формирањето на ставовите, нормите, и вредостите за родовите улоги во општеството, исто така, и во искоренувањето на стереотипите за родовите улоги. Покрај медиумите, културата и спортот, образованието е камен темелник во насока на постигнување на родова еднаквост. Начинот на прикажување на мажите и жените, особено во учебниците и другите наставни средства кои се користат во образовниот процес, можат да бидат од пресудно значење во формирањето и обликувањето на ставовите кај децата кои подоцна како возрасни луѓе ќе ги задржат ставовите формирани под влијание на воспитувањето и образованието.
Согласно членот 6 од Законот за еднакви можности, кој се однесува на образованието, потребно е обезбедување на механизми за отстранување на предрасудите и стереотипите во врска со воспоставување на еднаквите можности.

Оттука, потекнува потребата за вршење на анализата на содржините на наставните планови, програми и учебници. Начинот на вршење на анализата од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите опфаќа квантитативна и квалитативна анализа на содржините на наставните планови, програми и учебници.

## 2. Анализа на состојбата (објаснете кои се родово релевантните прашања во секторот/областа опфатен/а со програмата и кои фактори придонесуваат кон родова нееднаквост)

**2.1. Анализа за првата компонента на програмата:**

СООДНОС НА СТИПЕНДИИ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ ХУМАНИСТИСЧКИ НАУКИ НАСПРЕМА СТИПЕНДИИ ЗА БИО-ТЕХНИЧКИ, ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ, ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ И МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, ПО РОД:




**Пита 1:**
1. Жени студентки на оштествени и хуманистички науки (4042)
2. Жени студентки на природно математички, техничко-технолошки, биотехнички и медицински науки (4388)




**Пита 2:**
1. Мажи студенти на општествени и хуманистички науки (1383)
2. Мажи студенти на природно математички, техничко-технолошки, биотехнички и

медицински науки (2497)

*Анализата е извршена врз основ на корисници на стипендии во изминатите 5 студиски години

Иако од вкупниот број на стипендии кои се доделуваат по сите основи, жените имаат поголемо учество (8.430 жени студентки наспрема 3.880 мажи студенти) и иако со предвидените стипендии во Програмата се стимулираат повеќе природно математички, техничко-технолошки, биотехнички и медицински науки, сепак соодносот на стипендии доделени за општественохуманистички науки наспрема стипендии доделни за био-технички, техничко-технолошки, природно математички и медицински науки не е еднаков кај жените и мажите. Имено кај жените студентки тој процент е само малку поголем. Кај природно математичките, техничко-технолошките, биотехничките и медицинските науки изнесува 52% од вкупниот број на стипендии, а кај мажите студенти тој процент изнесува 64% од вкупниот број на стипендии. Кај општествено-хуманистичките науки процентот на стипендии за овие науки кај жените студентки изнесува 48% од вкпниот број, додека кај мажите студенти изнесува 36%.

Причината за нееднаквиот сооднос на стипендии по научни области произлегува и од нееднаквиот избор на студиски програми кај жените и мажите. Имено, согласно податоците од Државен завод за статистика во поглед на научната област кадешто се запишани, најголем родов диспаритет во соодносот на запишаните студенти се појавува кај техничко технолошките науки кадешто од вкупно запишаните 489 студенти во учебната 2010/2011 година 179 (37%) се девојки, а 310 (63%) момчиња. Наспроти тоа, кај општествените науки, се забележува исто така поголема разлика во соодност на девојките и момчињата, запишани магистранти, и тоа од вкупно 2586 запишани, 60% се девојки, а 40% мажи или во апсолутни бојки изразено 1556 девојки, наспроти 1030 момчиња.

Прилог на изјавата се и дополнителни анализи по однос на родовата припадност.

**2.2. Анализа за втората компонента на програмата:**

Во 2015 година, донесен е Правилник за начинот на вршењето на анализата на содржините на наставните планови, програми и учебниците од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија” бр.125/2015). Меѓутоа Работната група која ќе врши анализата на содржините на наставните планови, програми и учебниците од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите е формирана во месец септември 2017 година, а активно започна со работа од јануари 2018 година, врз основа на изготвена Методологија од страна на Министерство за труд и социјална политика. Предмет на анализа се наставната програма и учебникот по македонски јазик за второ одделение.

До Министерството за образование и наука пристигнати се неколку реакции од Народниот правобранител на Република Македонија, од граѓанскиот сектор и родители за постоењето на стереотипи и предрасуди за улогите на жените и мажите во наставните содржини и учебници на сите нивоа на образование.

Врз основа на овие реакции, во месец јули и септември 2017 година, Министерството

за образование и наука повлече од употреба два учебника во кои беше нотирана дискриминација по различни основи, меѓу кои и по основ на род и пол. Имено, министерот за образование и наука со решение формираше Комисии за давање предлог за повлекување од употреба на одобрен учебник, учебникот ,,Општество” за четврто одделение и за учебникот ,,Граѓанско образование” за осмо одделение. Така на пример во учебникот ,,Граѓанско образование” за осмо одделение, Комисијата нотираше дека во делот за Правата на жената на страна 34 од учебникот, се врши дискриминација на жената врз основа на здравствена состојба, физичка и интелектуална попреченост, дискиминаторски се и ставовите за жените кои не можат да имаат деца, односно не се мајки. Понатаму, Комисијата констатира и дека користењето на резилигиозни ,,аргументи” во објаснувањето на причините за дискриминација на жената во оовј учебник е научно проблематично. Во учебникот се забележува и дискриминација на жената врз основа на религиозна догма. Авторите без оградување, религиозните сфаќања во христијанството ги претставуваат како вистинит факт. Врз основа на извештаите на комисиите и наодите за дискриминација, министерот за образование и наука донесе решенија со кои овие два учебника се повлечени од употреба.

## 3. Предложени интервенции (наведете ги интервенциите кои сметате дека ќе ги намалат родовите нееднаквости во секторот/областа)

1. Ревидирање на наставните програми и содржини во основно и средно образование од аспект на родовата рамноправност и отстранување на стереотипите и предрасудите кои се главните причини за дискриминацијата на жените/девојчињата изразена низ содржините и кои значително влијаат врз нивната професионална ориентација во понатамошниот образовен процес.
2. Ревидирање на учебниците од аспект на родовата рамноправност.
3. Ревизија и унапредување на Концепцијата за изработка на учебник и методологијата за вреднување на учебник од аспект на родовата еднаквост.
4. Изготвување на редовни родово сензитивни статистички податоци, од аспект на Програмата за студентски стандард, преку кои би се анализирала состојбата во образованието од аспект на родовата рамноправност, би ги идентификувале конкретните проблеми и би се креирале политики за нивно надминување.

## 4. Очекувани резултати од програмата (опишете низ кои практични чекори ќе ги постигнете резултатите кои ќе обезбедат подобри можности и за жените и за мажите во имплементацијата на програмата и како постигнувањето на тие резултати ќе помогне во унапредување на еднаквоста).

**Очекувани резултати од првата компонента:**

Согласно податоците од пазарот на труд, и изготвената анализа за ,,Побарувачка за и понуда на високо образовани кадри по двоцифрена класификација на студиска програма, 2014-2018”, може да се заклучи дека најголем јаз се јавува кај следниве програми:

- 02 Уметност и химанистички науки (понуда: 1082, побараувачка: 567)
- 04 Бизнис, администрација и право (понуда: 2690, побараувачка: 1691)
- 09 Здравство и социјална заштита (понуда: 827, побараувачка: 792)
- 10 Услуги (понуда: 863, побараувачка: 278)

Овој јаз помеѓу понудата и побарувачката особено ќе се одрази на жените, имајќи во предвид дека девојчињата доминантно се запишуваат и завршуваат на овие студиски програми.

Согласно податоците од Државен завод за статистика: ,,Запишани студенти на додипломски студии, 2016/2017", голем родов диспаритет во соодносот на запишаните студенти се појавува кај хуманистичките науки каде што од вкупно запишаните 7.205 студенти 4.718 (65.5%) се девојки, а 2.487 (34.5%) момчиња. Кај оштествените науки од вкупно запишаните 24.807 студенти, 14.119 (56.9%) се девојки, а 10.688 (43.1%) момчиња. Кај медицински науки од вкупно запишаните 8.231 студенти, 5.845 (71%) се девојки, а 2.386 (29%) момчиња.

Креирање на стимулативни мерки за девојчињата за запишување на студиски програми на високо-образовните установи од областа на техничко-технолошки науки, ИТ и био-технички, преку унапредување на моделот на стипендирање, се очекува како крајна цел да влијае на подобрување на можностите за вработување на жените.

**Очекувани резултати од втората компонента:**

Елиминирање на стереотипите и воведување на родово сензитивно образование во целиот образовен систем со крајна цел изградба на родово недискриминаторско општеството и искоренувањето на стереотипите за родовите улоги. Начинот на прикажување на мажите и жените, особено во учебниците и другите наставни средства кои се користат во образовниот процес, можат да бидат од пресудно значење во формирањето и обликувањето на ставовите кај децата кои подоцна како возрасни луѓе ќе ги задржат ставовите формирани под влијание на воспитувањето и образованието.

## 5. Аутпут индикатори

1. Зголемен бројот на девојчиња корисници на стипендии од областа на техничко-технолошки науки, ИТ и био-технички за 20% до 2020 година
2. Зголемен број на девојчиња запишани на студиски програми од областа на техничко-технолошки науки, ИТ и био-технички науки за 20% до 2020 година
3. Ревидирана и унапредена Концепција за изработка на учебник и методологијата за вреднување на учебник од аспект на родовата еднаквост
4. Ревидирани наставни програми од аспект на родовата компонента и соодветно изготвени нови наставни програми
5. Ревидирани учебници од аспект на родовата компонента и соодветно изготвени нови учебници

## 6. Буџет на програмата/извор на средствата

Податоци за издвоен буџет во изминатите неколку години (родово сензитивни податоци):

Во студиската 2013/2014 година за стипендии за студенти девојчиња издвоени се 45.645.750 мкд, додека за студенти момчиња издвоени се 18.610.560 мкд

Во студиската 2014/2015 година за стипендии за студенти девојчиња издвоени се 47.343.213 мкд, додека за студенти момчиња издвоени се 19.507.773 мкд

Во студиската 2015/2016 година за стипендии за студенти девојчиња издвоени се 51.139.944 мкд, додека за студенти момчиња издвоени се 19.475.541 мкд

Во студиската 2016/2017 година за стипендии за студенти девојчиња издвоени се 60.522.111 мкд, додека за студенти момчиња издвоени се 24.554.142 мкд

Средствата за стипендии за студенти се предвидени во Буџетот на Министерство за образование и наука за 2018 година во програма 6, потпрограма 60, ставка 464.

Во однос на ревизијата на наставни програми и учебници, потребните трошоци изнесуваат 28.000 мкд по комисија, 240.000 за изработка на нов учебник (доколку се утврди потреба, за авторски хонорари – пренос на авторско право, рецензенти, објава на конкурс...). Средствата се обезбдени во рамки на Буџетот на Министерство за образование и наука за 2018 година во програма 10 и програма 21 и 31.

Бр.08-2647/1
28.02.2018

Подготвиле:
Наташа Јанковска
Билјана Трајковска
Елена Качела
Садије Сефо
Весна Вигњевиќ
Весна Дамјановска
Нуран Кадриу - Џамбази
Славица Мирческа

Одобрил:
Рената Дескоска, с.р.
Министер за
образование и наука